# 2010 – ГОДИНА НА ПРОШИРУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ И НА РЕЗУЛТАТИТЕ




2010 беше една од најактивните и најуспешните години во досегашното шестгодишно функционирање на Центарот за граѓански комуникации. Освен на централно ниво, годинава ги проширивме нашите активности за унапредување на транспарентноста, одговорноста и отчетноста и на локално ниво.

Преку директен мониторинг на постапките и длабочинска анализа и истражување на сите релевантни фактори и чинители детектиравме бројни проблеми и слабости во спроведувањето на јавните набавки во земјава и врз таа основа изработивме четириесетина конкретни мерки и препораки за надминување на слабостите.

Една од нашите клучни препораки стана дел од законските измени на Законот за јавни набавки, а неколку од клучните забелешки за спроведување на процесот на јавни набавки беа нотирани и станаа дел од препораките на Европската унија за подобрување на оваа област во Македонија. Во четири општини од земјава спроведовме обемно истражување кое резултираше со педесетина конкретни препораки до општините за унапредување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалната администрација. Дваесет новинари од национални и локални медиуми беа обучени за известување за јавните набавки. Американскиот Стејт Департмент го цитираше главниот заклучок од нашето длабочинско истражување за начинот на кој македонските медиуми известуваат за корупцијата во својот годишен извештај за почитување на човековите права во земјите во светот. Во текот на 2010 година, македонските медиуми објавија вкупно 153 текстови за резултатите од нашите активности. Дополнително, во текот на годината објавивме и дистрибуиравме седум публикации од нашите истражувања и вкупно 12 броеви од Месечникот за антикорупција.

## Мониторинг на јавните набавки (2008-2011)

Проектот го анализира спроведувањето на системот на јавни набавки во земјава од аспект на транспарентноста, конкурентноста, еднаквиот третман на економските оператори, недискриминацијата, законитоста, економичното, ефикасното, ефективното и рационалното користење на буџетските средства, настојувањето да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетноста за потрошените средства при јавните набавки. Се следат 160 случајно избрани постапки за јавни набавки и тоа преку: директно следење на отворањето на понудите, длабочински интервјуа со сите понудувачи, како и со органите кои ги распишуваат набавките и прибирање информации од Електронскиот систем за јавни набавки и од сите други институции вклучени во процесот. Резултатите од мониторингот се објавуваат квартално и вклучуваат забелешки за спроведувањето на јавните набавки и препораки за унапредување на процесот на јавни набавки.









Во текот на 2010 година се спроведоа следниве активности и се постигнаа следниве резултати:

- Спроведен е детален директен мониторинг на 160 постапки за јавни набавки на централно и на локално ниво;
- Детектирани се слабостите во спроведување на процесот на јавни набавки во земјава;
- Главните забелешки, заедно со препораките за надминување на слабостите се објавени во четири квартални извештаи;
- Резултатите и се претставени на пошироката јавност преку серија прес конференции и две пошироки дебати со учество на повеќе од сто претставници од сите вклучени страни во процесот;
- Дваесет новинари од национални и локални медиуми се обучени за истражување и известување за јавните набавки во Македонија.

## Проект на УСАИД за транспарентно владеење (2009-2012)

Проектот развива механизми за зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалните самоуправи во Македонија, поттикнување на поголемо учество на граѓаните и на локалната бизнис заедница во процесот на одлучување во локалните самоуправи и размена на најдобри практики и искуства меѓу општините од земјава. Проектот трае три години и се спроведува во партнерство со невладините организации НВО Инфоцентар од Скопје и ЕХО од Штип, а е финансиски поддржан од УСАИД Македонија.

Во текот на 2010 година, се одвиваа следниве активности од проектот кој се спроведуваше во општините Штип, Струмица, Виница и Свети Николе:

- Се утврдија слабостите во сегашното работење кај општините преку обемно истражување на граѓаните, невладините организации, бизнис секторот и јавните самоуправи;
- На серија дебати во секоја од општините, на кои учествуваа вкупно 105 претставници на локалните заедници се претставија резултатите од истражувањето и се детектираа можните правци за подобрување на состојбата;
- Врз основа на истражувањето се изработија и се доставија до секоја од општините вкупно 44 препораки за унапредување на работењето;
- Во секоја од општините се формираа специјални работни тимови за спроведување на препораките со вкупно 24 членови, одобрени лично од градоначалниците;
- Се спроведоа шест работилници за спроведување на препораките со учество на вкупно 77 претставници на општините;
- Во секоја од општините, во рамките на локални невладини организации се отворија и работат граѓански центар за собирање поплаки, предлози и сугестии од граѓани за унапредување на работата на локалната самоуправа;
- До крајот на декември работните тимови спроведоа 60% од препораките;
- Се одржаа четири дебати со вкупно 56 претставници на локалните заедници за сумирање на резултатите од подобрувањата на процедурите и постапките за транспарентност, отчетност, одговорност, информирање на граѓаните и нивно учество во донесувањето одлуки на локално ниво;
- Изработена е и објавена Книга на практики и препораки со сознанијата од сите претходни активности, т.е. искуства од теренот, законски рамки, препораки за унапредување и примери за следење.



# ПРОГРАМА ЗА 2011 ГОДИНА

Работата и активностите што ќе се спроведуваат во 2011 година целосно произлегуваат од тригодишниот стратешки план на ЦГК за периодот 2010-2012 година, а спроведувањето на програмата и резултатите од спроведените активности се следат и се мерат преку годишниот план за мониторинг и евалуација.

## Индекс на рационалност во трошењето на јавните пари



Целта на изработката на индексот е да се засили јавниот притисок врз надлежните институции за зголемување на контролата во трошењето на јавни пари и да се унапреди системот на јавни набавки во Македонија со намалување на сегашниот широк простор за злоупотреба. Станува збор за целосно нов инструмент кој се воведува во Македонија за мерење на рационалноста во трошењето на јавните пари и за откривање на злоупотреби во јавните набавки преку споредбен приказ на цените по кои државните институции на централно и на локално ниво купуваат исти производи, услуги или изведуваат работи. До податоците по кои институциите купиле одреден ист вид на производ или услуга се доаѓа преку директно следење на отворањата на понудите за јавни набавки и преку обезбедување информации со користење на Законот за пристап до информации од јавен карактер. Квартално се избираат по минимум 5 предмети на јавна набавка во рамките на кои се прави приказ на цените кај 5 до 10 институции, што значи дека мониторингот ќе опфати годишно и до 200 постапки за јавни набавки.




## Анализа на односот на општините кон јавните набавки

Целта е да се да се детектираат слабостите и аномалиите и да се извлечат препораки и насоки за подобрување на процесот и спроведувањето на постапките за јавни набавки од страна на локалните власти во Република Македонија во насока на поголема транспарентност, отчетност и одговорност во трошењето на јавните пари.

Станува збор за длабочинско истражување на актуелниот однос на општините кон јавните набавки за детектирање на слабостите и извлекување на препораки за подобрување на состојбата. Истражувањето ќе се спроведе на примерок во кој се вклучени вкупно 21 општина (по седум мали, средни и големи општини), со рамномерна географска, регионална, етничка и политичка

застапеност. Истражувањето ќе се спроведува преку анализи на достапните податоци за јавните набавки за овие општини, посети и интервјуа во општините, испраќање на барања за пристап до информации од јавен карактер, спроведување анкети за истражување на јавното мислење и користење на други бази на податоци и информации (јавни гласници, ревизорски извештаи, Електронски систем за јавни набавки и сл.).

## Медиумите и невладините против корупцијата

Целта е да се засили улогата на медиумите и невладините организации во борбата против корупцијата, преку зголемување на нивните капацитети, вклученост и соработка во борбата против корупцијата во Македонија.

Новинари од дваесетина медиуми од земјава (локални и национални) и ќе се обучат за истражување и известување за корупцијата. Освен тоа, триесетина невладини организации ќе се стекнат со знаења и вештини за вметнување на антикорупциски компоненти во нивните редовни програми, проекти и активности. На крајот, медиумите и невладините ќе работат заедно на нивна поголема соработка и вклученост во борбата против корупцијата во земјава станувајќи дел од заедничка мрежа и потпишувајќи заедничка декларација.








## Проект на УСАИД за транспарентно владеење

Целта е да се зголеми довербата меѓу граѓаните и бизнисмените во локалните власти преку воспоставување на практики за потранспарентно, поотчетно и поодговорно владеење, охрабрување на граѓаните за вклучување во донесувањето на одлуките на локално ниво и размена на најдобрите практики меѓу општините од земјава за унапредување на работењето и за зголемување на задоволството на локалната заедница. По првата фаза од активностите кои се спроведуваа во четири општини од источна Македонија, активностите се прошируваат на нови четири општини од скопскиот регион: Гази Баба, Петровец, Арачиново и Чучер-Сандево и на уште седум мултиетнички заедници од западниот и југозападниот дел од земјата. Идејата е искуствата, практиките и процедурите воспоставени во четирите општини да се искористат и да се применат и во другите општини од Македонија. Проектот се спроведува партнерски со НВО Инфоцентарот од Скопје и ЕХО од Штип.

## Мониторинг на јавните набавки

Целта е преку длабочинско истражување и следење на примерок од случајно избрани 160 постапки за јавни набавки да се анализира спроведувањето на процесот на јавни набавки во земјава и да се открие дали функционираат основните принципи на јавните набавки: транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства кај набавките.

Станува збор за продолжување на мониторингот на јавните набавки што трае континуирано од 2008 година и преку кој досега значително се подигна јавната свест кај целата македонска јавност за значењето на јавните набавки, за проблемот со злоупотребите во набавките и за можноста преку законски измени и измени во практиката да се намали просторот за корупција.

Освен детектирање на слабостите, укажување на проблемите, предлагање мерки за стеснување на просторот и на можностите за злоупотреби, во 2011 година ќе се лобира кај надлежните институции за посериозни измени во регулативата, особено во Законот за јавни набавки во насока на унапредување на овој значаен процес кај нас.

